ПОВРЗЕТЕ СЕ БЕЗБЕДНО, ТРАНСФОРМИРАЈТЕ СЕ ДИГИТАЛНО

Паметни повеќефункционални уреди
imageRUNNER ADVANCE DX

Canon

BLI BUYERS LAB 2019 PICK
Canon uniFLOW Online
Outstanding Cloud Output Management Solution

COMPACT MFP LINE OF THE YEAR
2020 BLI BUYERS LAB LINE OF THE YEAR
New to the Line

СЕРИЈА imageRUNNER ADVANCE DX

ТРАНСФОРМИРАЈТЕ ЈА ВАШАТА ИДНИНА

Трансформацијата на документи и податоци од физички во дигитални формати беше брза. Како што компаниите ја приоритизираат дигиталната трансформација на нивните работни процеси за да создадат попродуктивни и поефикасни работни опкружувања, така многу од нив сфаќаат дека сложеноста на постапката и трошоците можат брзо да се зголемат, а заштитата на податоците да стане уште потешка.

За многу компании, промовирањето на дигиталната агенда значи работење во хибридни опкружувања бидејќи автоматизацијата и дигиталните работни процеси овозможуваат ефикасност, обем и заеднички работни процеси. Во таквите опкружувања, решението за успех е во продуктивно обединување на отпечатените материјали и дигиталните формати, балансирање на дигиталниот напредок со сложеноста на постапката, трошоците и заштитата на податоците.

iR ADV DX 8700

Палета уреди за црно-бело печатење

iR ADV DX 717/617/527

iR ADV DX 4700

iR ADV DX 6000i

iR ADV DX 6700

Серијата imageRUNNER ADVANCE DX нуди напредни опции за поврзување со Cloud и поддржува продуктивност, ефикасност и безбедност во рамките на овие хибридни опкружувања, а притоа им помага на компаниите да го преземат следниот чекор од нивната дигитална трансформација.

Искористувајќи ја наградуваната платформа на 3-тата генерација на imageRUNNER ADVANCE, новата серија на паметни повеќефункционални уреди е создадена да ја предводи дигиталната агенда благодарение на најновите технологии за обработка и снимање документи.

Подгответе го деловното работење за иднината во овој свет на дигитална трансформација со паметни технологии што нудат најдобри иновации и сигурност.

Кога станува збор за компании во кои се одвива дигитална трансформација, серијата imageRUNNER ADVANCE DX беспрекорно ги обединува отпечатените материјали со дигиталната еволуција за да им помогне на компаниите да дизајнираат решенија за дигитална обработка и снимање документи, како и процеси што ќе бидат усогласени со нивната индустрија и луѓето со кои работат. Оваа серија ќе им овозможи да ја направат транзицијата кон дигитални решенија, со брзина што ќе им помогне да ги реализираат своите цели побрзо, а притоа процесите ќе бидат едноставни и безбедни.

Палета уреди за печатење во боја

iR ADV DX C257/C357

iR ADV DX C477

iR ADV DX C3700

iR ADV DX C5700

iR ADV DX C7700

ТРАНСФОРМИРАЊЕ НА ПРОДУКТИВНОСТА

Начините на работење се менуваат и канцеларијата може да биде секаде. Достапноста на услугите поврзани со Cloud на ниво на компании ја олеснува оваа промена преку создавање подвижна работна сила и воведување нова ера на продуктивност независно од локацијата.

За да одржува чекор со динамичката природа на модерните компании, серијата imageRUNNER ADVANCE DX ги поедноставува работните процеси со податоци без напор со помош на ненадминатa палета на висококвалитетни решенија за обработка на слика без сервери наменети за управување со дигитални и отпечатени документи - во текот на нивниот работен век.

Целосно интегрираната, а сепак едноставна и ефикасна моќ за обработување документи на серијата imageRUNNER ADVANCE DX ги минимизира потребните чекори за дигитизација, архивирање и пронаоѓање документи, благодарение на иновативните работни процеси. Беспрекорното вклопување во постоечките опкружувања или компатибилноста со многубројни дигитални услуги од Canon дизајнирани за оптимизирање на печатењето и процесите за содржини, како и процесите со стратешките испорачувачи во улога на трети страни,

вклучувајќи ги Box и Concur, им овозможуваат на уредите да го намалат времето што се троши на повторувачки процеси или процеси склони на грешки, што значи дека документите ќе можат да се дигитизираат и обработуваат на прецизен и безбеден начин од која било локација.

Благодарение на напредното скенирање што нуди ненадминатa палета на документи и формулари, продуктивноста на персоналот ќе биде максимална бидејќи непотребните задачи како именување, зачувување, најавување на трети страни и сериско зачувување се автоматизирани. Двостраното скенирање со голема брзина придонесува за намалување на процесите за рачно извлекување податоци и класификација, а погрешните, непрецизните или неквалитетните податоци можат да се препознаат и коригираат при снимањето со OCR (оптичко препознавање на знаци), благодарение на технологијата IRIS што се вградува во сите уреди и дополнително ја зголемува моќта за обработка на серијата imageRUNNER ADVANCE DX.

Серијата imageRUNNER ADVANCE DX е совршен партнер за поширoки организациски дигитални трансформации бидејќи може да се интегрира беспрекорно во јавните платформи Cloud за да овозможи моќни дигитални работни процеси. Функциите за напредно управување со податоци на уредите овозможуваат потполна контрола врз податоците на компаниите, а воедно ги намалуваат трошоците за тековно одржување и сервисирање.

Целосно интегрираните и сеопфатни работни процеси со документи овозможуваат брзо и ефикасно снимање, архивирање и споделување податоци со што се намалува вашата зависност од рачни процеси со хартија и полесно се постигнува ефикасна соработка помеѓу тимовите што работат далечински, на различни работни места и додека патуваат.

ТРАНСФОРМАЦИЈА НА БЕЗБЕДНОСТА И УСОГЛАСЕНОСТА

Работењето во ера со нови ризици значи дека на дигиталната технологија ѝ е потребна напредна кибернетичка заштита.

Серијата imageRUNNER ADVANCE DX е опремена со најновиот хардвер, софтвер и услуги од Canon за сигурно снимање. Многубројните безбедносни функции ќе ви помогнат во заштитата на доверливоста, пристапот и достапноста на вашите податоци во текот на нивниот работен век, без намалување на продуктивноста. Одликувајќи се со законска усогласеност што постојано еволуира, вклучувајќи го и GDPR како деловен приоритет, серијата и нејзините услуги ја задоволуваат потребата за физичка и дигитална безбедност на податоците, информациите и документите, без да го отежнат пристапот на луѓето до тие податоци, информации и документи што им се потребни при работа.

Тоа значи дека платформата е безбедна по дизајн и опремена со функции за контрола на пристап и проверка на идентитет преку идентификација, безбедни јавни услуги Cloud и оптимизирана безбедност за документи што максимално ги зацврстуваат политиките на уредот и го минимизираат ризикот од загуба на податоци.

Серијата imageRUNNER ADVANCE DX е потполно заштитена од повеќе видови на напади со проверка на системот при вклучувањето па сè до заштита од попречување на работата на фирмверот и блокирање на извршувањето на сите неовластени програми, од кои последната функција е овозможена благодарение на водечкиот оператор на кибернетички технологии McAfee со софтверот McAfee Embedded Control.

Комбинацијата од овие безбедносни функции ќе ги спречат потенцијалните хакери да ги заобиколат безбедносните механизми на серијата повеќефункционални печатачи.

Податоците „syslog“ нудат безбедносни податоци за уредот во реално време што можат да се анализираат со моќно решение од трети страни кое користи докажани индустриски стандарди и ја подобрува интеграцијата на целата палета производи со секакви решенија за управување со безбедносни информации и настани (SIEM).

Најавувањето на корисниците со проверка на идентитет на ниво на уреди овозможува безбедно задржување дури и на задачите што се испраќаат од мобилни уреди или нивно безбедно печатење од кој било уред (со My Print Anywhere и uniFLOW) - со цел да се заштити доверливоста. За да се спречи неовластена дистрибуција на чувствителни информации може да оневозможите различни функции за одредени корисници, а визуелните и звучните известувања од софтверот Original Reminder ќе ве известат доколку во уредот останат чувствителни информации од скенирање на оригиналните документи. Печатењето во улога на корисник-гостин овозможува безбедно ад-хок печатење од мобилни уреди без пристап до мрежата на вашата компанија.

Софтверот uniFLOW Online Express се инсталира стандардно во уредите, но може да добиете уште поголема контрола доколку го надградите со uniFLOW Online или целосното решение uniFLOW. Напредниот пакет содржи imageWARE Secure Audit Manager Express - вклучувајќи и моментални предупредувања за напади - и овозможува откривање и спречување секакви обиди за печатење, скенирање, праќање факс или копирање документи со одредени клучни зборови.

Дополнителни функции што се вградуваат стандардно во imageRUNNER ADVANCE DX:

- Функцијата за бришење на HDD отстранува заостанати слики по извршување на секоја задача.
- Функцијата за форматирање на HDD ги отстранува и презапишува сите податоци на тврдиот диск по истекот на нивниот работен век.
- Функцијата за шифрирање податоци на HDD ги заштитува податоците дури и по отстранување на тврдиот диск, а сега има и сертификат FIPS 140-2 кај одредени модели.
- Безбедносен чип со хардвер што спречува неовластено ракување и ги заштитува лозинките и клучевите за шифрирање.
- IPsec нуди заштита за податоците што се испраќаат преку мрежата
- SMB 3.0 нуди безбедно шифрирање
- Шифрирано печатење и скенирање и безбедносен воден печат
- Две мрежи

ТРАНСФОРМИРАЊЕ НА ОДРЖЛИВОСТА

Одржливоста никогаш не била на повисоко место во агендата на компаниите или работниците. Длабоко веруваме во придобивките што Canon, неговите вработени, производи и услуги може да им ги понудат на потрошувачите и поширокото општество.

Со прифаќање на филозофијата Kyosei (живеење и работење за доброто на сите), компанијата Canon е посветена на одржливоста и дизајнот на серијата imageRUNNER ADVANCE DX со помалку пластика.

Серијата imageRUNNER ADVANCE DX располага со овие вредности благодарение на нејзината оптимизирачка технологија што е дизајнирана за минимизирање на отпадот и потрошувачката на енергија и хартија.

Напредните работни процеси и аналитики што се достапни преку платформата imageRUNNER ADVANCE DX им овозможуваат на организациите да го оптимизираат начинот на кој печатат, а притоа да добијат максимални придобивки од печатењето. Елиминирањето на процесите за печатење празни страници, повторено печатење или непотребно

печатење ќе им овозможи на компаниите да создадат опкружувања во кои не се користи хартија, а моќта за напредна обработка и опциите за прегледување што ги нуди серијата ја намалуваат потребата од печатење и повторно печатење на важните документи.

Потрошувачката на електрична енергија е минимална благодарение на напредните режими за мирување кои спречуваат непотребно користење енергија, а намалувањето на шумот при работа не дозволува напредната моќ за обработка на серијата imageRUNNER ADVANCE DX да создава бучава во канцелариските опкружувања.

Тоа им овозможува на дигиталните технологии да бидат во чекор со модерните организациски вредности и да испорачуваат и поддржуваат максимална функционалност, а притоа да имаат позитивно еколошко влијание во работното опкружување.

iR ADV DX C3700

ДИГИТАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА

Ви треба решение што е доволно флексибилно за да ја поддржи вашата стратегија за услугите Cloud и софтверот со кој располагате. Решение што ќе функционира веднаш и согласно вашата дигитална трансформација.

Затоа серијата imageRUNNER ADVANCE DX е потполно интероперабилна со водечките дигитални услуги, вклучувајќи ги Box и Concur, како и други решенија за Cloud од Canon. Софтверот uniFLOW Online Express се вградува во сите уреди од серијата и е подготвен за употреба, а нуди вградени безбедносни функции што спречуваат неовластено ракување благодарение на функциите за проверка на идентитет на уредите, двоначинска проверка на идентитет и ограничување на функционирањето на уредот. Напредната аналитика и управувањето со серијата, исто така, се испорачуваат стандардно.

Уредите лесно се приспособуваат кон вашите потреби и лесно можат да се надградат со uniFLOW Online* кога ќе ви бидат потребни повеќе врски со Cloud, поголема безбедност и функции за известување.

Во дополнителните функции за Cloud спаѓаат управуваните услуги за содржини на Cloud од Canon (MCS) што нудат лесен, паметен и усогласен начин на управување со важните деловни документи и директна обработка во уредот од Canon, без потреба од сложени ИТ-процеси. Работејќи беспрекорно со обемните хардверски и софтверски технологии на Canon поврзани со Cloud, управуваните услуги за содржини на Cloud од Canon (MCS) им овозможуваат на компаниите дигитална трансформација на управување со содржини преку платформата SaaS со целосна поддршка за Cloud.

Интеграцијата со платформи за складирање на Cloud, како што се Box, Evernote, Dropbox и OneDrive, моментално го трансформира снимањето на податоците, а напредното автоматизирање на работните процеси преку Cloud со деловни апликации како Therefore или Concur овозможува беспрекорно вклопување на напредните работни процеси во постоечките работни процеси.

*Софтверот uniFLOW Online е достапен со претплата на Cloud врз основа на уред за управување со печатењето и снимањето документи.

imageRUNNER ADVANCE DX

ЗОШТО CANON

Компанијата Canon е сигурен партнер за вашата дигитална трансформација што нуди иновација и професионално искуство за да ги реализирате вашите цели.

Професионалното искуство на компанијата Canon за управување со податоци и животниот циклус на документите ви нуди основа за успешна реализација на проектите за дигитална трансформација. Ние им помагаме на потрошувачите да го оптимизираат деловниот хардвер и софтвер за да создадат беспрекорен проток на податоци, како и професионално мислење и знаење за создавање нови доживувања за потрошувачите и деловни операции.

Соработуваме со потрошувачите за одново да ги дизајнираме и автоматизираме работните процеси со цел да овозможиме ефикасен и паметен проток на информации. Нашиот пристап се основа врз темелно познавање и холистичка перспектива за животните циклуси на документите. Тоа значи дека процесите во различни оддели и локации, независно дали се локални или глобални, ќе бидат хармонизирани и усогласени со јасни деловни цели.

Најважно од сè, сфаќаме дека трансформацијата е долг процес, а не само еден чекор. Затоа нашиот пристап се фокусира на градење сигурни партнерства врз основа на заедничка цел за совршени деловни процеси.

Соработката со компанијата Canon ќе ви овозможи да постигнете значајни промени без да ги нарушите секојдневните процеси на вашето деловно работење.

Canon Inc.
Canon.com

Canon Europe
canon-europe.com

Англиско издание
© Canon Europa N.V., 2017

Canon CEE GmbH Predstavništvo Beograd
Omladinskih brigada 90v
11070 Novi Beograd
Srbija
Tel: +381 11 3533 480

canon.com.mk